**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ДЕМИР ХИСАР**

**Бр. 11-64/12**

**23-07-2024год.**

**ДЕМИР ХИСАР**

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020 и 111/2023), член 22 став 1 точка 1, член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), а во врска со позитивното мислење од Комисијата за урбанизам при општина Демир Хисар формирана со Решение со бр.08-1492/1 од 12.12.2022 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е

***за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ПЛАН со намена Е1- Сообраќајни инфраструктури, Е1.1-Јавни патишта со пратечки градби и инсталации, ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА СО МОСТ НА РЕКА ЖУРЕШНИЦА КАЈ СЕЛО ЖУРЧЕ, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР, на делови од КП 1368, КП 1369, КП 1370, КП 1371, КП 1372, КП 1402, КП 1403, КП 1404, КП 1407, КП 2351, КП 2363 и КП 2367 КО Журче, Општина Демир Хисар.***

1.**СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план** со намена Е1-Сообраќајни инфраструктури, Е1.1- Јавни патишта со пратечки градби и инсталации, за изградба на дел од сообраќајна инфраструктура со мост на река Журешница кај село Журче, Општина Демир Хисар на делови од КП 1368, КП 1369, КП 1370, КП 1371, КП 1372, КП 1402, КП 1403, КП 1404, КП 1407, КП 2351, КП 2363 и КП 2367 КО Журче, Општина Демир Хисар, со техн.број 61/23 од мај 2024 година, за кого е извршена **Ревизија** со тех.бр.06-40 од јуни 2023 година.

2.Ова решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

## О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Општина Демир Хисар со адреса на ул„Битолска" бр.8 Демир Хисар, преку овластениот полномошник „ИНГРА" ДООЕЛ Скопје, поднесе Барање заведено под број 11-1213/1 од 12.12.2023 година за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1-Сообраќајни инфраструктури, Е1.1- Јавни патишта со пратечки градби и инсталации, за изградба на дел од сообраќајна инфраструктура со мост на река Журешница кај село Журче, Општина Демир Хисар.

Во прилог на барањето е доставена следната документација:

1.**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план** со техн.бр.61/23 од мај 2024 година изработен од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг„ИНГРА" ДООЕЛ Скопје, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови број 0096, издадена од Министерство за транспорт и врски на 15.03.2024 година, со важност на неопределено време.

2.**Извештај од Ревизија на Урбанистички проект** со тех.бр.06-40 од јуни 2023 година изработена од Друштво за проектирање, консалтинг, проемт и услуги ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево, кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови 'издадена од Министерство за транспорт и врски со број 0102 со важност до 25.12.2025 година.

3.**Полномошно од инвеститорот**, со бр.11-сл од 11.07.2023 година

4.**Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога** со Дел.бр 08-62/4 од 16.05.2023 година изработен од Друштво за геодетски работи, премер, трговија и услуги „ТЕРА ГЕОДЕТ" ДОО Битола .

5.**Известување за електронска заверка на геодетски елаборат** со број 08-62/5 од 16.05.2023 година.

6.**Елаборат за хидрологија и хидраулика со регулација на речно корито за изградба на мост на река Журешница кај село Журче, Општина демир Хисар**,со тех. број X_754/2023 од октомври 2023 година ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО Скопје.

7.**Услови за планирање на просторот** со техн.бр У40923, септември 2023 година.

8.**Решение за услови за планирање на просторот** издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање- Сектор за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 2069/2023 од 05.10.2023 година.

9.**Проектна програма** со тех.бр.61/23 од јули 2023 година.

10.**Решение за одобрување на проектна програма** издадено од Општина Демир Хисар бр.11-1074/5 од 23.11.2023 година.

11.**Потврда за финална тополошка контрола** од 18.03.2024 година.

12. **Податоци и информации мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности:**

- МЕПСО со број 11-2998/1 од 15.05.2023 година
- Телеком со број 52132 од 12.05.2023 година
- ЕВН со број 10-25/3-258 од 15.05.2023 година
- ДЗС Подрачно одделение Крушево со број 09-197/2 од 11 мај 2023 година
- МВР Оддел за информатика и телокомуникации со број 11.2.47706/2 од 10.05 2023 година
- НЕОТЕЛ ДОО Скопје со број 0302-474/2 од 20.06.2023 година
- ТЕЛЕКАБЕЛ ДОО со број 03-884/2 од 04.05.2023 година
- ЈКП КОМУНАЛЕЦ Демир Хисар со број 0302-144/2 од 09.05 2023 година
- МЖСПП- Управа за животна средина Сектор природа со број 11-3005/4 од 31.05.2023 година

- Министерство за одбрана-Сектор за недвижности со број 19/2-1335/1 од 27.06.2023 година

13.**Мислење за утврдена состојба издадено од АКН Скопје** под број 0939-1009/7 од 29.03.2024 година.

При спроведувањето на законски предвидената постапка, согласно член 47 став 6, работната верзија на проектната документација со барање за мислење по однос на планските решенија што се во врска со нивните надлежности беше доставена до институциите кои одговориле на барањето за податоци и информации во фазата на изработка на проектна програма. Доставени се позитивни мислења од следните институции:

- Агенција за цивилно воздухопловство со број 12-8/040 од 12.01.2024 година
- Телеком со број 57616 од 17.01.2024 година
- ЕВН со број 10-23/3-21 од 31.01.2024 година
- ДЗС Подрачно одделение Крушево со број 09-20/3 од 16 јануари 2023 година
- МЖСПП- Управа за животна средина со број 11-843/2 од 31.01.2024 година
- УЗКН 17-3143/2 од 07.11.2023 година
- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Битола со број 08-71/3 од 07.02.2024 година

Урбанистичкиот проект беше ставен на увид на јавноста за што е изготвен Записник со бр.11-64/10 од 18.07.2024 година а во истиот се наведува дека во предвидениот рок не се доставени забелешки.

Согласно наведеното Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение од градоначалник со бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 година, а врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Позитивно Мислење со број 11-64/11 од 19.07.2024 година со кое се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање и **му предлага на Градоначалникот со Решение истиот да го одобри.**

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

Изработил: Клара Тодоровска д.и.а

Klara Todorovska Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2024.07.23 11:18:56 +02'00'

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник

Никола Најдовски

Nikola Najdovski
Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=166413, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2024-07-23 12:25:20